Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за поништување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Заедничко Јавно Комунално Претпријатие „ Пела Хигиена„ с.Добрушево

1.Објавувам Одлука за поништување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Заедничко Јавно Комунално Претпријатие „Пела Хигиена„ с.Добрушево, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/11
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 , став 1, точка 15 и член 62 став 1 точка1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (Сл.гласник на Општина Новаци бр.5/2002) Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 31-05-2016 година донесе

ОДЛУКА

за поништување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Заедничко ЈавноКомунално Претпријатие „Пела Хигиена„с.Добрушево

Член 1

СЕ ПОНИШТУВА Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Заедничко ЈавноКомунално Претпријатие „Пела Хигиена„с.Добрушево,бр. 07-554/21 од 12.10.2010 година.

Регистарската таблица на патничкото возило-лада нива е ВТ-926-ЦИ

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/14
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци

1.Објавувам Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/12
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2015 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за трајно отстапување на патничко возило на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВА трајно отстапување на патничко возило-комбе застава 850 на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци,без надоместок.

Член 2

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци е основано од Општина Новаци

Регистарската таблица на патничкото возило-комбе застава 850 е ВТ-713-СО

Член 3

Одлуката да се достави до ОУ„ Славко Лумбарковски„ с.Новаци

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/15
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за започнување на постапка за продажба на подвижни ствари во сопственост на општина Новаци

1.Објавувам Одлука за започнување на постапка за продажба на подвижни ствари во сопственост на општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/13
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 66 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02), и член 46, 79 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за започнување на постапка за продажба на подвижни ствари во сопственост на општина Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се започнува постапка за продажба на подвижни ствари:1автобус во неисправна состојба,1 комбе во неисправна состојба, 1 патничко возило лада-нива, 1 патничко возило шкода фелиција, 1 патничко вози лоланос, по пат на јавно наддавање

1.Автобусот е доделен со договор од град Скопје-ЈСП Скопје

Автобусот ги има следните карактеристики:

-регистарска ознака: СК-679-ФЈ
-марка на возило: фап
-тип на возило:санос 115
-број на шасија:14632
-боја на каросерија:црвена бела
-број на моторот: 144176
-места за седење 31, места за стоење 85
2.Комбе Форд Транзит
Регистарска ознака БТ 0138 АЦ
3.Патничко возило-шкода фелиција
Регистарска ознака БТ 382 ЦД
-места за седење 5,
-боја на каросерија- бела01
-број на моторот: АЕФ368356
-број на шасија:ТМБЕХХ61317357039
4.Патничко возило-Ланос
Регистарска ознака БТ 571 ДГ (БТ 317 ЦЦ)
-места за седење 5,
-боја на каросерија- 24 светло плава
-број на моторот: А15СМС-034377
-број на шасија:СУПТФ69ЅДЅЊ096833
5.Патничко возило-лада нива
Регистарска ознака БТ 926 ЦИ

Член 2

Се задолжува Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари да ја спроведе постапката по пат на електронско јавно наддавање.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/16
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2016 година

1.Објавувам Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2016 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/14
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 80 и 80а од Законот за градење –пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр. 70/2013), член 21 од Статутот на општина („Сл. гласник на општина Новаци бр.2/2002), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на 31.05. 2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2016 година

- ***Вовед***

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), („Сл.весник на РМ" бр.55/04), Закон за градење – пречистен текст(„Сл.весник на РМ" бр. 70/2013) и Измените на Законот за градење(149/2014), Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 51/05, бр.137/07, бр.91/09 и бр.124/10), Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр. 82/08 и бр.56/10), Закон за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04, 5/09), Закон за комунални такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04), изработена е Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци.

Согласно Законот за градење – пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 70/13) потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општина Новаци.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа програма важи за 2016 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење-пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 70/2013) и член 1, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот, во смисла на овој закон урбаната опрема претставува опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи , паркинг за велосипеди и во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината, типски челичен столб за поставување на државно знаме.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема ќе бидат опфатени со измена и дополна на оваа Програма.

1. Цел на Програмата

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:
- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Новаци;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната

средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

2. Видови на урбана опрема

Според Законот за градење-пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 70/2013) урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи и паркинг за велосипеди во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината, типски челичен столб за поставување на државно знаме.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.
Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:
- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- материјални критериуми,
- финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Новаци треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2013).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општина , возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.
Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Продажба на весници, сувенири, цвеќе, сладолед и храна

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на весници, сувенири и сладолед да небиде поголема од 4,0м², а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Самостоечките рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 86/08,98/08 и 64/09)
Самостоечките рекламни паноа ќе се постават пред објектите на :
-Македонски пошти
- Општинската зграда
-Ветеринарна станица во Новаци,
-МКЦ Новаци,
-Спортското бифе Добромири
-Тениско игралиште во Добромири.
-Повеќенаменско игралиштево Горно Агларци
-Ракометно игралиште во Долно Агларци
-Ракометно игралиште во Далбеговци
-Фонтана во Рибарци
-Општинска сала во Гермијан
-Општинска зграда Бач
-Продавница во Живојно
-Продавниц Брод
-Општинска зграда во Старавина
-Продавница во градешница

Опрема за забава на деца

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детски игралишта

Детски игралишта може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Детското игралиште може да биде типско и во зависност од големината на површината истото може да се мултиплицира.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Новаци.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.
Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.
Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

Паркинг за велосипеди

Паркинг за велосипеди во функција на објекти на органите на државната управа може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за

поставување на урбана опрема погодно за таа намена.
-Паркинзи за веслосипеди ќе се постават на следните места:
-Пред општинската зграда во Новаци на дел од КП
- Пред зградата на МКЦ на КП бр.
-Пред објектот на Македонска пошта –Новаци на дел од КП бр.
-Пред Подрачните училишта во с. Рибарци, Бач, Гермијан, Живојно, Горно Агларци,
-Далбеговци и Добромири
-Спортската сала и повеќенаменското игралиште во Новаци

Типски челичен столб за поставување на државно знаме.

Типски челичен столб за поставување на државно знаме ќе се постави во Новаци на дел од КП бр. 2005/1 КО Новаци.

2.2. Дејности кои можат да се вршат

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 130/09 и бр.124/10).

3. Преглед на локации на потребна урбана опрема на територијата на Општина Новаци

Составен дел на програмата е табелата каде се дадени следните информации:
- нумерација на објектите;
- графички прилог за местоположба на урбаната опрема;
- КП каде се наоѓа урбаната опрема;
- површина;
- тип на урбана опрема;
- сопственост.

4. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Закон за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 130/09 и бр.124/10), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Новаци.
Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во соодветен размер.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Новаци.
Општина Новаци согласно Законот за градење –пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.70/2013) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Новаци, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.
Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Новаци.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

I. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни паноа
1. Извод од графичкиот прилог на програмата , со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

II. Клупи, чешми, канделабри, корпи за отпадоци и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност
1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови.

III. Фонтани и водени басени
1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Новаци (во натамошниот текст, надлежно одделение).

Надлежното одделение на општина врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

5. Извори на финансирање на програмата

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци се финансира од буџетот на општината за 2016 година, буџет на РМ, донации, правни и физички лица.

5.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

6. Динамика на реализација на програмата

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедени финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

7.Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење – пречистен текст („Сл.весник на РМ" бр. 70/2013).

8. Преодни и завршни одредби

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Новаци во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2016 година спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател,
Пецо Мицевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за изведба на градежни работи за потребите на М.З. с.Орле

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства за изведба на градежни работи за потребите на М.З. с.Орле, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/15
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10-11-2015 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на средства за изведба на градежни работи
за потребите на М.З. с.Орле

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за изведба на градежни работи за потребите на М.З.с.Орле(малтерисување внатрешно и надворешно) на трпезаријата на црквата Св.Недела и изградба на две(2) газилишта.

Се задолжува општинската администрација да изготви Предмер-Пресметка .

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Постапката заизведба на градежните работи, да се спроведе согласно Законот за јавни набавки .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/16
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на МЗ с.Долно Орехово

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на МЗ с.Долно Орехово, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/16
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31-05-2016 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на МЗ с.Долно Орехово

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за набавка на градежни материјали(15 вреќи циментo) за потребите на МЗ с.Долно Орехово

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Постапката за набавка на градежни материјали, да се спроведе согласно Законот за јавни набавки .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/19
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување средства на
Здружение за Ревитализација на
с.Груништа

1.Објавувам Одлука за одобрување средства на Здружение за Ревитализација на с.Груништа, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/17
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување средства на Здружение за Ревитализација на с.Груништа

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во висина од **15.000,00** денари за набавка на градежни материјали-бичена граѓа, на Здружение за ревитализација на с.Груништа, за потребите на манастирот Св.Петка во с.Груниште.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се исплатат на име Здружение за Ревитализација на с.Груништа, на жиро сметка:290-2000002895-86, депонент ТТК Банка Битола .

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/20
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение Пелагонски културно-научни средби при општина Новаци с.Новаци

1.Објавувам Одлука за одобрување средства на Здружение за Ревитализација на с.Груништа, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/18
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на средства
на Здружение Пелагонски културно-научни средби
при општина Новаци с.Новаци

Член 1

На Здружение Пелагонски културно-научни средби, при општина Новаци с.Новаци, му се одобруваат средства во износ до **13.000,00** денари, за печатење на Зборник бр.11.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение Пелагонски културно-научни средби, при општина Новаци с.Новаци, на Жиро сметка:300060000021955 ДБ:4002001145964, матичен број 5507243,депонент Комерцијална банка-Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/21
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства
на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства на ОУ „Славко Лумбарковски„ Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/19
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на средства на ОУ
„Славко Лумбарковски„Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **9.450,00 денари,**на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци за превоз на учесниците во проектот „Мултикултурно живеење, наша заедничка иднина„

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/22
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства
на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства на ОУ „Славко Лумбарковски„ Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/20
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на средства на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **9.270,00 денари,** на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци„ за изработка на спомен плоча на Пеце Матичевски, која ќе се постави на спортската сала на ОУ „Славко Лумбарковски„ с.Новаци.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/23
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства на
Храм „Св.Атанасиј Велики„с.Новаци

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства на Храм „Св.Атанасиј Велики„с.Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/21
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на средства на Храм „Св.Атанасиј Велики„с.Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **60.000,00 денари,** на Храм „Св.Атанасиј Велики„с.Новаци, за набавка на црковно звоно(камбана)

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Сретствата да се исплатат на име Храм „Св.Атанасиј Велики„с.Новаци , со жиро сметка:500 000 000 9243-40, при Стопанска банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/24
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение „Рурална Жена„ с.Гермијан-општина Новаци

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение „Рурална Жена„ с.Гермијан-општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/22
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на средства на Здружение „Рурална Жена„ с.Гермијан-општина Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **47.000,00 денари,** на Здружение „Рурална Жена„ с.Гермијан-општина Новаци, за автобуски превоз на релација Гермијан-Солун-обратно,Гермијан-Метеори-обратно

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Сретствата да се исплатат на име Здружение „Рурална Жена„ с.Гермијан-општина Новаци, со трансакциона сметка:200003015216086, при Стопанска банка АД Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-478/25
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во Новаци

1.Објавувам Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/23
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за градење (Сл. В на РМ бр. 130/09, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015 и 226/2015), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. В. На бр. 5/02), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Новаци, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година, донесе:

О Д Л У К А

За утврдување на потреба од поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во Новаци

Член 1

Се утврдува потреба од поставување на урбана опрема - јарбол за истакнување на државното знаме во Новаци во централното подрачје на седиштето на Општина Новаци на дел од КП ..... КО Новаци со намена .....

Член 2

Урбаната опрема - јарбол за истакнување на државното знаме се поставува за временски период од 10 (десет) години.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Новаци

Бр.14-478/26
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/24
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.„ бр.56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1 , помошен објект 2 изградени на КП бр. 1008 КО Новаци опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од Геоленд бр. 1-215-12 од 25,02,2012 година во идната урбанистичко-планска документација за село Новаци, по барање на **Симе Велјановски од с. Новаци бр. 10-1270 од 26.07.2011 (09-775)**.

Член 2

Согласно постоечкиот Општ акт за село Новаци У01 -09/14 од 09/2014 година , Одлука на совет на општина Новаци 07-838/15 од 27.10.2014 година КО Новаци се наоѓа во зона со намена домување.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/27
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/25
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.„ бр.56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1 , помошен објект 2 изградени на КП бр. 1001/1 КО Новаци опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од Цивил ДООЕЛ Битола бр. 07-21/3 од 11,04,2016 година во идната урбанистичко-планска документација за село Новаци, по барање на **Вангел Крстевски од с. Новаци бр. 10-642 од 22,08.2011 (09-159)**.

Член 2

Согласно постоечкиот Општ акт за село Новаци У01 -09/14 од 09/2014 година , Одлука на совет на општина Новаци 07-838/15 од 27.10.2014 година КО Новаци се наоѓа во зона со намена домување.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/28
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности

1.Објавувам Одлука за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/26
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31-05-2016 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности

Член 1

СЕ ОДОБРУВА отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности

Член 2

Одлката да се достави до Центар за управување со кризи-Подрачно оделение Битола

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-478/29
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за определување име на спортската сала во О.У. Славко Лумбарковски с. Новаци

1.Објавувам Одлука за определување име на спортската сала во О.У. Славко Лумбарковски с. Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 31.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-519/27
02.06.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на Член 36 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 5/2002 година) а во согласност со член 4 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти (Службен весник на РМ бр. 66/04,55/07,145/10 и 136/11), „Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 31.05.2016 година ја донесе следната :

О Д Л У К А

за определување име на спортската сала во О.У. Славко Лумбарковски с. Новаци

Член 1

СЕ ИМЕНУВА со името **Пеце Матичевски** спортската сала во О.У. Славко Лумбарковски во с. Новаци, во знак на спомен и сеќавање на Пеце Матичевски-резервен официр во Армијата на Република Македонија, чиј што живот прерано згасна на 05 јуни 2001 година во поставена терористичка заседа на патот Гајре-Шипковица.

Член 2

Со оваа одлука за определување име Пеце Матичевски на спортската сала во О.У.Славко Лумбарковски с. Новаци , истата да се упише во Агенцијата за Премер и Катастар на недвижности ЂПО Битола во сопственост на ОУ „ Славко Лумбарковски„ с.Новаци, со име - **Пеце Матичевски .**

Член 3

Одлуката за именување со име на спортската сала влегува во сила со денот на донесувањето и истата да биде објавена во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.14-478/30
31.05. 2016 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Новаци за 2016 година. 1

2. Заклучок за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Новаци за 2016 година. 2

3. Заклучок за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Новаци за 2016 година. 3

4. Заклучок за објавување Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во село Градешница, Општина Новаци за кое нема урбанистички план. 4

5. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за згрижување на кучињата скитници 5

6. Заклучок за објавување Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на задруженија на граѓани и фондации од буџетот на општина Новаци 6

7. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за изработка на проектна документација-Основен проект за изградба на брана во с.Живојно 7

8. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за Изградба на автобуска постојка во с.Живојно 8

9. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за Изградба на детски парк во с.Новаци 9

10.Заклучок за објавување Одлука за поништување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило на ОУ „ Славко Лумбарковски„ с.Новаци 10

11.Заклучок за објавување Одлука за поништување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Заедничко ЈавноКомунално Претпријатие „Пела Хигиена„с.Добрушево 11

12.Заклучок за објавување Одлука за трајно отстапување на патничко возило на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци 12

13.Заклучок за објавување Одлука за започнување на постапка за продажба на подвижни ствари во сопственост на општина Новаци 13

14.Заклучок за објавување Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2016 година 14

15.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за изведба на градежни работи за потребите на М.З. с.Орле 15

16.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни матерјали за потребите на МЗ с.Долно Орехово 16

17.Заклучок за објавување Одлука за одобрување средства на Здружение за Ревитализација на с.Груништа 17

18.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение Пелагонски културно-научни средби при општина Новаци с.Новаци 18

19.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци 19

20.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на ОУ „Славко Лумбарковски„Новаци 20

21. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Храм ,,Св.Атанасиј Велики,,с.Новаци 21
22.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение ,,Рурална Жена,, с.Гермијан-општина Новаци 22
23.Заклучок за објавување Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема Ѣ јарбол за истакнување на државното знаме во Новаци 23
24.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација 24
25.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација 25
26.Заклучок за објавување Одлука за отпочнување на процесот на ажурирање на Проценатa на загрозеноста на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности 26
27.Заклучок за објавување Одлука за определување име на спортската сала во О.У. Славко Лумбарковски с. Новаци 27

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци